**З А П И С Н И К**

**од 39 редовна седница на Советот на Општина Валандово**

**одржана на ден 31.10.2024 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 10.00 часот. Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир МарковНа седницатана почетокот беа присутни беа сите 15 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 37 тата редовна седница беше предложен дневен ред од 15 точки, но од страна на Претседателот на Советот беше предложено дополнување на уште две точки и истото дополнување на 16- та и 17-та точка точка беше ставено на гласање и изгласано со 15 гласа ЗА.

За работа на седницата беше предложен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2024 година до 30.09.2024 година;
2. Предлог - Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година.
3. Предлог - План на програмите за развој;
4. Предлог – Одлука за донесување на Предлог Детален урбанистички план за Урбана единица 7, Блок 7.2, населба „Странец", КО Валандово, КО Валандово вон град,Општина Валандово;
5. Предлог – Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2024 година;
6. Предлог – Програма за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2024/2025 година во зимски услови;
7. Предлог – Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година;
8. Предлог - Одлука за одобрување средства на Здружение Спортски клуб„ЈУГО-ИСТОК" Валандово" за реализирање на велосипедска тура „Валандово МТБ" по повод празникот на општината „6-ти Ноември";
9. Предлог – Одлука за одобрување финансиска помош на Здружение на граѓани за музичка наобразба „Полифонија Стрингс" с.Јосифово, Валандово;
10. Предлог–Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Здружение спортски клуб за слепи „Атрофија" Струмица за реализација на активности;
11. Предлог – Одлука за за одобрување на финансиска поддршка на Здружението вокална група „Распеани Валандовчани" за реализација на активности и музички проект во областа на музичката култура;
12. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Здружение запомош и поддршка на лица со Даунов синдром „ВЕРА" Струмица, за реализација на програмски активности;
13. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Сојуз на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија -Општински одбор Валандово, за реализација на програмски активности;

14. Предлог – Одлука за одобрување средства за финансиска поддршка на Планинарско-алпинистички клуб „ЈУГ ВАЛАНДОВО“ Валандово за организирање на традиционален планинарски марш „По падините на Плавуш“;

15. Предлог – Одлука за финансирање на проект во областа на музичката култура „Распеани Валандовчани”;

16. Предлог – Одлука за одобрување средства за финансиска поддршка на Здружение на пензионери Валандово за реализација на програмски активности;

17. Предлог – Одлука за доделување на наградата „6-ти Ноември” и годишното признание на Советот на Општина Валандово по повод празникот на општината.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Беше отворена расправа по записникот од 37 мата редовна седница на Советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со: 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Кварталниот извештај на Општина Валандпво за извештајниот периодот( кумулативно) од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година на Општина Валандово образложение имаше раководителката на одделението за финансии на Општина Валандово Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров.Рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе гласа ПРОТИВ , бидејќи и Буџетот за 2024 година не е гласан од нив, проектите во него не се креирани од нив и тоа значи дека не се согласуваат со нив.Рече дека голем дел од проектите се креирани за доброто на граѓаните, но голем дел се по желба.

Градоначалникот се јави за реплика.Рече дека сега се разгледува Кварталниот извештај на ОВ за тековното работење во кој се содржани платите на општинските институции (училишта, детски градинки , ТППЕ) и не се работи за желби, рече дека истите дискусии им се на секоја седница, па ги замоли да кажат и нему и на граѓаните кои се нивните проекти бидејќи не ги знааат.

Тоше Тодоров се јави за контрареплика.Рече дека знае дека Буџетот не се состои само од проекти и дека во него се состојат платите на сите општински институции, но тие реагираат на проекти како реконструкција на игралишта, изградба на парк шума и сл. Рече дека многу од нив граѓаните не ги одобруваат, а за тоа дали опозицијата има проекти или не, граѓаните ќе се произнесат на наредните избори.

Градоначалникот му се обрати на советникот Тоше Тодоров и му рече дека тој може да зборува само во свое име, а не во име на граѓаните на Општина Валандово. Рече дека тој забележал дека советниците на ВМРО ДПМНЕ од промената на власта сакаат и присуствуваат на сите настани организирани од ЛС, а многу од тие проекти не ги гласале. Рече дека сите треба да работат за доброто на граѓаните и за подобар живот на граѓаните. Додаде дека сека, кога се во

постапката за носење на новиот Буџет за 2025 година, тој повика да се доставаат забелешки и предлози и истите ќе бидат разгледани и прифатени и дека нема потреба од дискутирање на ваков начин и во името на граѓаните.

Тоше Тодоров се јави со контрареплика. Рече дека тој може да се повикува на граѓаните бидејќи како советник е избран од граѓаните и нивните сугестии мораат да се слушат и да се пренесуваат. А за присуството на настаните рече дека тоа не се приватни настани и се за сите и треба да бидат вклучени сите.

Градоначалникот повторно се јави и рече дека сеуште не слушнал предлог и сугестија , а ниту некогаш ја третирал Општината како приватна сопственост, ниту така ќе ја третира во иднина. Реагира така затоа што советничката група на ВМРО ДПМНЕ не гласаше за капитални инвестицииво Општината, како изградбата на двете детски градинки, за реконструкцијата на училиште и сл. Рече дека тие имаат двојни аршини . Рече дека тие знаат што треба да реализираат и нема да отстапат од тоа. И замоли да бидат конкретни и да кажат за што се залагаат, освен за политикантство.

Немаше други пријавено за дискусија, па Кварталниот извештај на Општина Валандпво за извештајниот периодот( кумулативно) од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година на Општина Валандово беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА , 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Предлог-Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година градонашалникот ги повика сите советници да гласаат за измените во Буџетот за новите проекти. Еден проект е изградба на капела на градските гробишта во Валандово и вториот проект е Асфалтирање на улица во индустриската зона во Јосифово.

Никој не се јави за збор па точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 3

По Предлог Планот на програмите за развој образложение имаше раководителката на одделението за финансии на Општина Валандово Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Предлог – Одлука за донесување на Предлог Детален урбанистички план за Урбана единица 7, Блок 7.2, населба „Странец", КО Валандово, КО Валандово вон град, Општина Валандово збор зема градоначалникот. Рече дека точката ќе ја образложи Анита Трајкова, но тој сака да потсети за тоа дека кога претходно се носеше детален урбанистички план за град Валандово советничката група на ВМРО ДПМНЕ не гласаше ЗА, а и овој и претходниот ДУП се за развој на градот.

Анита Трајкова даде образложение .

Никој друг не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Дополнувањето на Програмата за урбанистичко планирање, образложение имаше Анита Трајкова.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Предлог – Програма за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2024/2025 година во зимски услови немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласна со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 7

По Предлог – Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година образложение имаше Анита Трајкова.Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со14 гласаЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог Одлуката за одобрување средства на Здружение Спортски клуб„ЈУГО-ИСТОК“ Валандово“ за реализирање на велосипедска тура „Валандово МТБ“ по повод празникот на општината „6-ти Ноември“ во износ од 23 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласна со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог – Одлука за одобрување финансиска помош на Здружение на граѓани за музичка наобразба „Полифонија Стрингс” с.Јосифово, Валандово во износ од 40 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласна со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на ЗдружениеСпортски клуб за слепи „Атрофија” Струмица за реализација на активности во износ од 12 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласна со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог – Одлука за за одобрување на финансиска поддршка на Здружението вокална група „Распеани Валандовчани” за реализација на активности и музички проект во областа на музичката култура во износ од 30 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласна со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 12

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Здружение за помош и поддршка на лица со Даунов синдром „ВЕРА” Струмица, за реализација на програмски активности во износ од 20 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласна со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 13

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Сојуз на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна наМакедонија-Општински одборВаландово, за реализација на програмски активности во износ од 20 000 денари беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 14

По Предлог – Одлука за одобрување средства за финансиска поддршка на Планинарско - алпинистички клуб „ЈУГ ВАЛАНДОВО“Валандово за организирање на традиционален

планинарски марш „По падините на Плавуш“ во износ од 28 400 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласна со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА15

По Предлог – Одлука за финансирање на проект во областа на музичката култура „Распеани Валандовчани”во износ од 300 000 денари образложение имаше градоначалникот Перо Костадинов. Рече дека овој проект на здружението ,,Кај Вардарот,,на Мирко Попов, требаше да се реализира многу порано, но поради неговата прерана смрт ќе се реализира сега.Ќе се издаде и промовира материјал за Распеани Валандовчани.

Немаше други пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 ЗА.

ТОЧКА 16

По Предлог – Одлука за одобрување средства за финансиска поддршка на Здружение на пензионери Валандово за реализација на програмски активностиво износ од 20 000 денари беше ставен на гласање и едногласно беше изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 17

По Предлог – Одлука за доделување на наградата „6-ти Ноември” и годишното признание на Советот на Општина Валандово по повод празникот на општината, претседателката на Комисијата за споменодбележување, давање имиња, награди и признанија Валентина Јанева даде образложение. Рече дека на одржаната Комисија на 31.10.2024 година се донесе став да бидат предложени 8 признанија од повеќе области и една 6-то ноемвриска награда и тоа:

**<u>За 6-то Ноемвриско признание</u>**

1.Елена Гошевска како ментор со учениците Александар Павлов, Јордан Стојановски, Надица Тошева и Ивана Гугуљанова -за посебен придонес за развој на зелени бизнис решенија и учество на државни и меѓународни натпревари.

2.Ефе Ибраимов -за придонес и постигнати резултати во областа на спортот;

3.Тамара Гошева - за посебен придонес во родовата инклузија и постигнување на резултати во обласат на спортот;

4.Васил Киров- за несебичен придонес во одржувањето и унапредувањето на ,,Валандовска ракијада,,

5.Кристијан Гавровски - за постигнати резултати во областа на спортот;

6. Перо Сечков- за иновации во обласат на ИК технологија и постигнување на резултати со апликацијата ,,Гули,,

7.Иван Занов -за постигнати резултати во облеста на информатиката и учество на Европска информатичка олимпијада;

8.Победа Кидс- за постигнување на резултати и промоција и афирмација на општината во областа на фудбалот.

<u>За **6-то Ноемвриска награда**</u> во форма на плакета се предлага на Мирко Попов-постхумно, за постигнати резултати во авторството и продукција на електронската музика.

Од страна на Претседателот на Советот Владимир Марков беше побарано од советниците да се изјаснат дали има други предлози.

Немаше пријавено други предлози, па Одлуката беше ставена на гласање изгласана за:

6-то Ноемвриски признанија едногласно со 14 ЗА

6-то Ноемвриска награда во форма на плакета на Мирко Попов – постхумно, едногласно со 14 гласа ЗА

Со тоа беше исцрпен дневниот ред. Претседателот на Советот Владимир Марков им честита на сите добитници, а градоначалникот Перо Костадинов ја објави Програмата за

чествување на празникот на градот 6-ти Ноември и ги повика сите граѓани на Општината да земат учество во неа.

Седницата беше заклучена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков